Република Македонија
бр. __________________
__________ Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО, по скратена постапка

Усогласеност со Програмата на Владата: Во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Владата

Доверливост на материјалот: НЕ

Итност на материјалот: ДА

Прилог:
- Мислења од Секретаријат за законодавство и АД МЕПСО, барање на мислење од Министерство за економија
- Образец за фискални импликации и Образец за проценка на влијание на регулативата
- Договор за гаранција (на македонски и англиски јазик)
- Договорот за заем (на македонски и англиски јазик)

| | | |
|---|---|---|
| Дата на доставување на материјалот:<br><br>Скопје,______.2011 година | | **ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**<br>**м-р Зоран Ставрески**<br><br>_______________________ |

Подготвил: Наташа Лазаровска
Согласен: Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО, по скратена постапка

______________________________

м-р Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии

Скопје, _________ 2011 година

Подготвил: Наташа Лазаровска
Согласен: Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Сузана Пенева, државен советник, Министерство за финансии

Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО, по скратена постапка

Скопје, ________ 2011

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. _________
од _________
Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132, 137 и 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО, по скратена постапка што го утврди на седница _____________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереник Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Тековниот Проект за АД МЕПСО финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка во износ од 20.7 милиони евра беше склучен во 2006 година. Истиот беше продолжен од страна на банката до септември 2011 година. Со цел завршување на започнатите активности, како и воведување на нови активности за финансирање, Банката предложи тековниот Проект за АД МЕПСО да биде продолжен до завршување на новиот проект, насловен како „Дополнително финансирање на Проектот за АД МЕПСО“.

Дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО од Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка ќе му биде доделен на АД МЕПСО во износ од 14 милиони евра и истиот ќе биде обезбеден со гаранција од страна на Република Македонија.

Средствата од овој заем ќе се искористат за финансирање на изградба на 400 kV интерконекција Штип (Република Македонија) – Ниш (Република Србија) во износ од 11 милиони евра со изградба на 400 kV далновод ТС Штип – македонско/српска граница и 400 kV далноводно поле во ТС Штип и ревитализација на 110 kV далновод ТС Скопје 1 - ТС Тетово 1 во износ од 3 милиони евра. При тоа, АД МЕПСО ќе учествува и со сопствени средства во износ од 7.36 милиони евра кои ќе бидат наменети за изградбата, како и учество за сите трошоци за даноци, царина како и било кои други трошоци кои би можеле да се појават во текот на реализација на проектот.

Преговорите со претставниците на Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка за склучување на Договор за заем и Договор за гаранција по однос на овој проект се одржаа на 24-ти и 25-ти февруари 2011 година, во Канцеларијата на Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка во Скопје.

Проектот ќе ја поддржи Компонентата Б „Ревитализација и изградба на далекуводи“ од тековниот Проект за АД МЕПСО и тоа преку следните две активности:

1. Изградба на 400 kV интерконекција Штип (Република Македонија) – Ниш (Република Србија): Со изградбата на оваа интерконекција ќе се обезбеди поголема сигурност на работата на електроенергетските мрежи на подрачјето на југоисточна Европа и зајакнување на електричните врски на релација север – југ, посебно во летните месеци кога се реализира интензивна размена во овој правец, како и во случај на ремонти на значајните преносни капацитети во овој регион. Новата линија ќе доведе до значителни локални и регионални користи и ќе ја зголеми стабилноста и сигурноста на електроенергетските системи во регионот. Имено, ќе се обезбедат услови за сигурна размена на поголеми количини на електрична енергија како помеѓу електроенергетските системи на Република Македонија и Република Србија, така и помеѓу електроенергетските системи во подрачјето на Балканот во целина, како и ќе се обезбедат услови за приклучување на идни 400 kV трансформаторски станици за

обезбедување сигурна и квалитетна испорака на електрична енергија во конзумните подрачја долж далекуводот. Потребата за брзо спроведување на македонскиот дел од интерконекцијата Штип- Ниш произлегува и од фактот што српскиот дел од оваа интерконекција е во фаза на имплементација и истиот се очекува да биде подготвен за работа пред крајот на 2011 година.

2. Замена на 110 kV далновод ТС Скопје 1 - ТС Тетово 1: Оваа активност ќе доведе до подобрување на сигурноста во снабдувањето на електрична енергија во тетовскиот регион, што поволно ќе влијае на квалитетот на животот и економски развој во овој дел од земјата.

Имплементатор на проектот ќе биде АД МЕПСО.

Датумот на затворање на проектот е 31 март 2014 година.

По усвојувањето на Законот за гаранција од страна на Собранието на Република Македонија и неговото објавување во Сл. Весник на Република Македонија, предвидено е склучување на:

- Договор за гаранција, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка, и
- Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу АД МЕПСО и Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка.

Согласно став 4, член 22 од Законот за јавен долг ("Службен весник на РМ бр. 62/05 и 88/08), во име на Република Македонија, Министерот за финансии потпишува договор за издавање на гаранција кон странски заемодавач, како и договор за обезбедување на државна гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесен закон за гаранција.

Оттука, Владата на Република Македонија изготви Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Со реализација на овој проект ќе се обезбеди поголема сигурност на работата на електроенергетските мрежи на подрачјето на југоисточна Европа и зајакнување на електричните врски на релација север – југ, посебно во летните месеци кога се реализира интензивна размена во овој правец, како и во случај на ремонти на значајните преносни капацитети во овој регион. Исто така, со овој проект ќе се подобри сигурноста во снабдувањето на електрична енергија во тетовскиот регион, што поволно ќе влијае на квалитетот на животот и економски развој во овој дел од земјата.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на Закон е обезбедување на

финансиски средства за да се овозможи реализација на дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО.

Оттука, Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка ќе склучат Договор за гаранција на АД МЕПСО по дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО, додека Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО, ќе склучат Договор за заем по истоимениот проект, во износ од 14.000.000 евра.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупниот износ на заемот од Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка е 14.000.000 евра. АД МЕПСО ќе учествува и со сопствени средства во износ од 7.36 милиони евра кои ќе бидат наменети за изградбата, како и учество за сите трошоци за даноци, царина како и било кои други трошоци кои би можеле да се појават во текот на реализација на проектот.

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО во износ од 14.000.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку АД МЕПСО не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Заемот ќе биде доделен на АД МЕПСО под следните услови: рок на отплата 22 години со вклучен грејс период од 6 години и шестмесечен ЕУРИБОР каматна стапка со варијабилен распон, како и подеднакви износи на отплата кои ќе се плаќаат двапати во годината, почнувајќи од 15-ти мај 2017 година, заклучно со 15-ти ноември 2032 година. Заемот ќе се отплаќа семестрално, секој 15-ти мај и 15 -ти ноември во годината.

Согласно прописите на Меѓународната банка за обнова и развој, АД МЕПСО како заемобарател има обврска да и плати на Меѓународната банка за обнова и развој еднократна провизија - трошок во износ од 0.25 процентни поени односно 0.25% од износот на заемот (Front-end-fee). Оваа провизија за Проектот изнесува 35.000 евра и ќе биде платена еднократно од средствата на заемот.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНОТО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА АД МЕПСО, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ- СВЕТСКАТА БАНКА И АД МЕПСО

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на Закон
за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем наменет за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО во износ од 14.000.000 ЕВРА, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку АД МЕПСО не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши АД МЕПСО од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 22 години, со вклучен грејс период од шест години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

На денот на повлекувањето на средствата од заемот, Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка еднократна провизија во износ од 0,25 %од износот на заемот.

Заемот ќе се отплаќа на 32 полугодишни рати, на секој 15-ти мај и 15-ти ноември во годината. Од 15-ти мај 2017 година до 15-ти мај 2032 година ќе се отплатат 31 полугодишни рати секоја во износ од 3.13 % од износот на заемот, додека на 15-ти ноември 2032 година ќе се отплати последната рата во износ од 2.97% од износот на заемот.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција Министерството за финансии и АД МЕПСО ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Тековниот Проект за АД МЕПСО финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка во износ од 20.7 милиони евра беше склучен во 2006 година. Истиот беше продолжен од страна на банката до септември 2011 година. Со цел завршување на започнатите активности, како и воведување на нови активности за финансирање, Банката предложи тековниот Проект за АД МЕПСО да биде продолжен до завршување на новиот проект, насловен како „Дополнително финансирање на Проектот за АД МЕПСО“.

Дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО од Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка ќе му биде доделен на АД МЕПСО во износ од 14 милиони евра и истиот ќе биде обезбеден со гаранција од страна на Република Македонија.

Средствата од овој заем ќе се искористат за финансирање на изградба на 400 kV интерконекција Штип (Република Македонија) – Ниш (Република Србија) во износ од 11 милиони евра со изградба на 400 kV далновод ТС Штип – македонско/српска граница и 400 kV далноводно поле во ТС Штип и ревитализација на 110 kV далновод ТС Скопје 1 - ТС Тетово 1 во износ од 3 милиони евра. При тоа, АД МЕПСО ќе учествува и со сопствени средства во износ од 7.36 милиони евра кои ќе бидат наменети за изградбата, како и учество за сите трошоци за даноци, царина како и било кои други трошоци кои би можеле да се појават во текот на реализација на проектот.

Имајќи го во предвид горенаведеното, заемопримач ќе биде АД МЕПСО, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

За таа цел, ќе се склучат следните договори:

- Договор за гаранција, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка,
- Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО, и
- За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и АД МЕПСО ќе склучат посебен договор.

Со цел склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција, потребно е да се донесе Закон за издавање на државна гаранција согласно постапката за издавање на државна гаранција утврдена во Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“бр. 62/05 и 88/08).

Со овој Закон, Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО во износ од 14.000.000 евра, во рокови и услови

предвидени во Договорот за заем.

Сервисирањето на заемот ќе го врши АД МЕПСО од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Заемот ќе биде доделен на АД МЕПСО под следните услови: рок на отплата 22 години со вклучен грејс период од 6 години и шестмесечен ЕУРИБОР каматна стапка со варијабилен распон, како и подеднакви износи на отплата кои ќе се плаќаат двапати во годината, почнувајќи од 15-ти мај 2017 година, заклучно со 15-ти ноември 2032 година. Заемот ќе се отплаќа семестрално, секој 15-ти мај и 15 -ти ноември во годината.

На барање на АД МЕПСО може да се направи конверзија на каматната стапка во фиксна каматна стапка според рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Согласно прописите на Меѓународната банка за обнова и развој, АД МЕПСО како заемобарател има обврска да и плати на Меѓународната банка за обнова и развој еднократна провизија - трошок во износ од 0.25 процентни поени односно 0.25% од износот на заемот (Front-end-fee). Оваа провизија за Проектот изнесува 35.000 евра и ќе биде платена еднократно од средствата на заемот.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем со цел обезбедување на средства и отпочнувањето на дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Со реализација на овој проект ќе се обезбеди поголема сигурност на работата на електроенергетските мрежи на подрачјето на југоисточна Европа и зајакнување на електричните врски на релација север – југ, посебно во летните месеци кога се реализира интензивна размена во овој правец, како и во случај на ремонти на значајните преносни капацитети во овој регион. Исто така, ќе се обезбедат услови за сигурна размена на поголеми количини на електрична енергија како помеѓу електроенергетските системи на Република Македонија и Република Србија, така и помеѓу електроенергетските системи во подрачјето на Балканот во целина, како и ќе се обезбедат услови за приклучување на идни 400 kV трансформаторски станици за обезбедување сигурна и квалитетна испорака на електрична енергија во конзумните подрачја долж далекуводот. Исто така, со овој проект ќе се подобри сигурноста во снабдувањето на електрична енергија во тетовскиот регион, што поволно ќе влијае на квалитетот на животот и економски развој во овој дел од земјата.

Вкупниот износ на заемот од Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка е 14.000.000 евра. АД МЕПСО ќе учествува и со сопствени средства во износ од 7.36 милиони евра кои ќе бидат наменети за изградбата, како и учество за сите трошоци за даноци, царина како и било кои други трошоци кои би можеле да се појават во текот на реализација на проектот.

Со овој Закон, Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО за доплнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО во износ од 14.000.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Сервисирањето на заемот ќе го врши АД МЕПСО од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и АД МЕПСО ќе склучат посебен договор.

Услови за ефективност на заемот, односно стапување во сила на Договорот за заем се:

1. Оперативниот прирачник за проектот да е формално и суштински ревидиран на начин задоволителен за Светската банка и усвоен од страна на АД МЕПСО;

2. Да се достави правно мислење потпишано од министерот за правда прифатливо за банката со кое се потврдува дека Договорот за гаранција е соодветно овластен, извршен и валиден и претставува правна обврска за Република Македонија како гарант во согласност со неговите услови; и

3. Правниот застапник на АД МЕПСО (Директор за правни и заеднички работи) да достави до Светската банка правно мислење прифатливо за банката со кое се потврдува дека Договорот за заем е соодветно овластен, извршен и валиден и претставува правна обврска за АД МЕПСО како заемопримач во согласност со неговите услови.

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО, по скратена постапка | 2. Министерство / орган на државна управа :<br>Министерство за финансии |
| 3. Цел на предлогот:<br>Обезбедување на средства за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО | 4. Вид на предлог:<br>Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО, кој ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО, по скратена постапка |
| 5. Контакт лице и звање:<br>г-ѓа Сузана Пенева, државен советник | 6. Контакт тел./ факс или е-пошта:<br>тел: 3106 454<br>suzana.stoimceva @finance.gov.mk |

7. Активност:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( )Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( )Друга нова регулатива | (X)Нова програма<br><br>( )Зголемување / намалување на постоечка програма | ( )Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( )Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето / предложената активност:
Со донесувањето на Законот за гаранција може да се пристапи кон склучување на Договорот за заем меѓу Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка и АД МЕПСО со што се обезбедуваат потребните средства во износ од 14.000.000 евра за реализација на дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО. Со реализација на овој проект ќе се обезбеди поголема сигурност на работата на електроенергетските мрежи на подрачјето на југоисточна Европа и зајакнување на електричните врски на релација север – југ, посебно во летните месеци кога се реализира интензивна размена во овој правец, како и во случај на ремонти на значајните преносни капацитети во овој регион. Исто така, со овој проект ќе се подобри сигурноста во снабдувањето на електрична енергија во тетовскиот регион, што поволно ќе влијае на квалитетот на животот и економски развој во овој дел од земјата.

10. Врска со владината програма

| 11.Фискални импликации: | (во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
| ●А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ●Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ●В. Промена (разлика) од одобрените средства (А–Б)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ●Г. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ●Д. Нето имликации на средствата на органот (В–Г)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ. Зголемување / намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ●Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | |
|---|---|
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Е) | Светската банка одобрувањето на заемот во износ од 14.000.000 ЕВРА го условува со давање на гаранција од страна на Република Македонија. Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Светска банка и АД МЕПСО за дополнителното финансирање на Проектот за АД МЕПСО во износ од 14.000.000 ЕВРА, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку АД МЕПСО не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем. |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | |
| 15. Дата на завршување на проценката | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18.Измени побарани од Министерството за финансии: | |
| 19.Одговор на министерството-предлагач: | |
| 20.Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21.Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22.Одобрено/ Дата:

| ________________________ | ______________ | ______________ | ______________ |
|---|---|---|---|
| потпис на државен секретар или директор на орган | ден /месец / год. | потпис на министер | ден / месец / год |

изработил: Наташа Лазаровска
согласен: Кристина Павловска
одобрил: Сузана Пенева